Уп. бр. 08-3

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Друштво за производство, промет и услуги СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, с.Долно Оризари Битола, со едиште на 1 с.Долно Оризари Битола, Друштво за управување со недвижен имот ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН ДООЕЛ Скопје, со седиште на Димитрие Чуповски бр.4-1/14 Скопје, Друштво за производство, инженеринг, трговија и консалтинг за течни и гасовити горива ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО увоз-извоз Скопје со седиште на бул. Србија бр.2 Скопје и физичкото лице Зоран Кондратенко од Скопје, преку полномошник Драган Пецев од Скопје, на седницата одржана на ден 18.02.2026 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која Друштво за производство, промет и услуги СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, с.Долно Оризари Битола, со едиште на 1 с.Долно Оризари Битола, Друштво за управување со недвижен имот ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН ДООЕЛ Скопје, со седиште на Димитрие Чуповски бр.4-1/14 Скопје, Друштво за производство, инженеринг, трговија и консалтинг за течни и гасовити горива ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО увоз-извоз Скопје со седиште на бул. Србија бр.2 Скопје и физичкото лице Зоран Кондратенко од Скопје, ќе стекнат заедничка контрола над Друштво за производство, инжинеринг, трговија и консалтинг ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ со седиште на Булевар Србија бр.9 Скопје иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.
3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 17.12.2025 а дополнето на 09.01.2026 година и на 05.02.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од Друштво за

производство, промет и услуги СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, с.Долно Оризари Битола, со едиште на 1 с.Долно Оризари Битола, Друштво за управување со недвижен имот ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН ДООЕЛ Скопје, со седиште на Димитрие Чуповски бр.4-1/14 Скопје, Друштво за производство, инженеринг, трговија и консалтинг за течни и гасовити горива ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО увоз-извоз Скопје со седиште на бул. Србија бр.2 Скопје и физичкото лице Зоран Кондратенко од Скопје со која истите стекнуваат заедничка контрола над Друштво за производство, инжинеринг, трговија и консалтинг ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ со седиште на Булевар Србија бр.9 Скопје.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Друштво за производство, промет и услуги СТЕНТОН ГРАДБА ДОО, Битола е со дејност на изградба на станбени и нестанбени згради.

Друштво за управување со недвижен имот ДЕФЦ ИММОБИЛИЕН ДООЕЛ Скопје е со дејност управување со недвижен имот.

Друштво за производство, инженеринг, трговија и консалтинг за течни и гасовити горива ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО увоз-извоз Скопје е со дејност инженерство и со него поврзано техничко советување.

Друштво за производство, инжинеринг, трговија и консалтинг ЕНЕРГО СИСТЕМ ИНСТАЛАЦИИ Скопје е со дејност инженерство и со него поврзано техничко советување.

Физичкото лице Зоран Кондратенко е сопственик на контролен удел во:

- Друштво за производство трговија и услуги и консалтинг ТЕХНОИЖЕНЕРИНГ ПРО ДООЕЛ Скопје со седиште на Булевар Србија бр.2 Скопје со дејност инженерски дејности и поврзано техничко советување

-Друштво за трговија и услуги ХОУМ РОБОТС ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Нобелова бр.17 Скопје со дејност трговија на мало со електрични апарати за домаќинствата
- Друштво за производство на електрична енергиј, трговија и услуги МОНТИНГ ЕЛЕКТРО ПРОИЗВОДСТВО ДОО со седиште на Новачки пат бр.1 Битола со дејност производство на метални конструкции и делови на конструкции.

-Друштво за производство, инженеринг, трговија и консалтинг за течни и гасовити горива ЕНЕРГО СИСТЕМ Михајло и Зоран ДОО увоз-извоз Скопје.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 а) (i) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**